**20150110182**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 67 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ЗА НЕСПОСОБНОСТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/13) во член 3 став 1 во точката 6 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

По точката 7 се додава нова точка 8, која гласи:

„ 8. примени парични средства преку брзиот трансфер на пари во износ над 50.000 денари и “.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-9594/3-2014
2 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.